*Даниела ДИМИТРОВА-РАДОЈИЧИЌ*

**УДК: 616.98:578.834]-036.21-056.26(497.7)"2020"**
Изворен научен труд

# КОВИД-19: ВЛИЈАНИЕТО НА ПАНДЕМИЈАТА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

***Кратка содржина***

*Пандемијата на КОВИД-19, од почетокот на 2020 година до крајот, директно влијаеше на здравјето и на општата благосостојба на лицата со попреченост. Поради институционални бариери, за време на КОВИД-19 кризата, лицата со попреченост се соочија со сериозни предизвици. Во Македонија нема точни податоци за тоа како КОВИД-19 пандемијата влијаела на животот на лицата со попреченост. Целта на ова истражување беше да се документира влијанието на КОВИД-19 врз македонските лица со попреченост.*

*Според резултатите од ова истражување, примарен извор на поддршка на лицата со попреченост биле нивните семејства (72,3 %). Пријателите беа помалку посочени како извор на поддршка (19,6 %). Од вкупно 112 лица со попреченост, опфатени во ова истражување, 41,1 % одговориле дека имале намалена социјална интеракција поради пандемијата. Генерално, повеќето лица со попреченост изјавија дека биле загрижени за дополнителните трошоци за храна и лекови, и дека се плашеле од можната инфекција со КОВИД-19.*

***Клучни зборови:*** *ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ, КОВИД-19, ПАНДЕМИЈА, ПОДДРШКА*

## Вовед

Во цел свет, пандемијата предизвикана од коронавирусот (КОВИД-19) сериозно влијаеше на секој аспект од животот на луѓето. Оваа пандемија, како и рестрикциите што беа донесени, претставуваше сериозен предизвик за сите, особено за лицата со попреченост (Лунд и сор., 2020). Имено, пандемијата на КОВИД-19, од почетокот на 2020 година до крај, директно влијаеше на здравјето и на општата благосостојба на лицата со попреченост - најголемото светско малцинство (приближно 15 % од светското население). Поради институционални бариери, за време на КОВИД-19 кризата, лицата со попреченост се соочија со сериозни предизвици. Во Специјалниот извештај на ОН (март, 2020 година) за правата на лицата со попреченост се вели: „Лицата со попреченост чувствуваат дека се оставени сами на себе. Мерките за ограничување,

како што се социјалното растојание и самоизолација, може да бидат невозможни за оние кои се потпираат на поддршката од другите за да јадат, да се облекуваат и да се капат". Дополнително, во соопштението на ОН (август, 2020 година) се истакнува дека лицата со попреченост се особено ранливи во многу области како резултат на пандемијата на КОВИД-19. На пример, правото на здравје може да биде прекршено од неколку важни фактори: недостаток на знаење на здравствените работници како да одговорат на потребите на лицата со попреченост за време на пандемија; недостаток на заштитни ресурси; недоволни информации за пандемијата и преземените мерки; и одлуки засновани на ресурси кои ги исклучуваат лицата со попреченост од соодветен третман поради нивната попреченост или коморбидитет (Европска асоцијација на даватели на услуги за лица со попреченост, 2020; Паине, 2020). Исто така, во јавно здравствената криза, како што е пандемијата на КОВИД-19, јасните информации стануваат поважни од кога било (Шекспир, Ндагире и Секети, 2021). Но, во повеќето земји, пораките беа збунувачки или комплицирани, што беше тешко разбирливо за лицата со попреченост.

Мерките на затворање, што државите ги презедоа за време на пандемијата на КОВИД-19, за лицата со попреченост беа полоши и тие беа поисклучени (Купер и сор., 2020). На повеќето лица со попреченост им е потребна дополнителна поддршка за извршување на нивните секојдневни активности, па затоа не можат да држат физичка дистанца. На пример, луѓето кои се слепи или со оштетен вид за да добијат информации од надворешната средина треба да ги допираат предмети, а со тоа се изложени на поголем ризик да се заразат со вирусот. Исто така, тие немаа лесен и брз пристап до ажурирани информации за вирусот и како да се заштитат, ниту пак можеа да пристапат до информации во достапни формати (на пр. Брајово писмо). Поголем број од нив немаа пристап до потребните тековни медицински и рехабилитациски услуги. Во многу случаи, луѓето со тешка попреченост се потпираат единствено на поддршката од членовите на семејството. Исто така, многу од нив ги загубија своите работни места како резултат на КОВИД-19. Поради тоа, некои од нив се соочија со сериозни финансиски проблеми, и немаа еднаков пристап до медицинска нега. Сето ова влијаеше на нивното ментално и физичко здравје за време на пандемијата на КОВИД -19.

Пред здравствената криза со КОВИД-19, лицата со попреченост беа изложени на поголем ризик од помала психосоцијална благосостојба од лицата без попреченост (Холм и сор., 2022). Во Македонија нема точни податоци за состојбата на лицата со попреченост за време на пандемијата на КОВИД-19. Целта на овој труд е да се документира влијанието на КОВИД-19 врз македонските лица со попреченост.

## Методологија

Истражувањето е спроведено на 112 лица со попреченост. Со цел да се анализира влијанието на КОВИД-19 пандемијата и преземените мерки од македонската Влада, користен е прашалник составен од два дела: демографски податоци (седум прашања) и десет затворени прашања за влијанието на пандемијата врз лицата со попреченост. При анализата на односот помеѓу одговорите на одредени прашања користен е Т-тест и Хи-квадрат тест.

## Резултати

Во табела 1 е опишана распределбата на учесниците според различни социодемографски варијабли. Структурата на учесниците по возраст покажува дека повеќето од нив се во средна (од 22 до 44 години) и повозрасна група (постари од 45 години).

**Табела 1.** Социодемографска карактеристика на лицата со попреченост

| | Н | % |
|---|---|---|
| *Пол* | | |
| Женски | 58 | 51,8 |
| Машки | 54 | 48,2 |
| Вкупно | 112 | 100 |
| *Возрасна група* | | |
| До 21 година | 25 | 22,3 |
| Помеѓу 22 и 44 години | 42 | 37,5 |
| 45 години или повеќе | 45 | 40,2 |
| Вкупно | 112 | 100 |
| *Вид на попреченост* | | |
| Оштетување на видот | 43 | 38,4 |
| Оштетување на слухот | 29 | 25,9 |
| Моторни нарушувања | 40 | 35,7 |
| Вкупно | 112 | 100 |
| *Место на живеење* | | |
| Град | 74 | 66,1 |
| Село | 38 | 33,9 |
| Вкупно | 112 | 100 |
| *Тип на живеење* | | |
| Сам | 11 | 9,8 |

| | | |
|---|---|---|
| Со други | 101 | 90,2 |
| Вкупно | 112 | 100 |
| *Ниво на образование* | | |
| Основно | 31 | 27,7 |
| Средно | 62 | 55,3 |
| Високо | 19 | 17 |
| Вкупно | 112 | 100 |
| *Занимање* | | |
| Невработен | 50 | 44,6 |
| Вработен | 32 | 28,6 |
| Вработен со скратено работно време | 5 | 4.5 |
| Пензионер | 25 | 22,3 |
| Вкупно | 112 | 100 |

Повеќе од половина од лицата со попреченост (61 %) се изјаснија дека имаат одредено знаење за коронавирусот. Исто така, половина од нив (55,3 %) се многу загрижени за долгорочното влијание на КОВИД-19 кризата.

За време на пандемијата, повеќето од лицата со попреченост имале поддршка од семејството и пријателите (табела 2). Но, просечната вредност на одговорите на Ликертовата скала (1- никогаш; 4 - често) е повисока за семејната поддршка. Со примена на Т-тестот констатирано е дека лицата со попреченост имаат статистички значително поголема поддршка од семејството отколку од пријателите ($t = 9{,}223$, $p < ,001$).

**Табела 2.** Секојдневно живеење во услови на КОВИД -19 пандемијата

| Прашања | М | СД |
|---|---|---|
| *Дали вашето семејство ви помогна за време на пандемијата?* | 3.65 | 0.63 |
| *Дали вашите пријатели ви помогнаа за време на пандемијата?* | 2.69 | 0.89 |
| *Колку често сте имале контакт со другите за време на пандемијата?* | 2.63 | 0.912 |

Статистички поголемиот дел од лицата (64,3 %) се соочиле со финансиски проблеми поради КОВИД-19 пандемијата ($X2 = 4{,}6667$; $p < ,005$). Лицата со попреченост како главни фактори за нивните финансиски проблеми ги навеле дополнителните трошоци за храна и лекови (55,3 %) и недостатокот на државна помош за време на пандемијата (36,6 %) (слика 1).




**Слика 1.** Финансиски проблеми

Најголема грижа на лицата со попреченост е стравот од инфекција со КОВИД-19 (56,2 %), и неможноста да се добие потребната помош (46,4 %). Дополнително, 38,4 % од лицата го навеле стравот од можната изолација поради пандемијата. Од слика 2, исто така, може да се забележи дека најмалку ги загрижува неможноста да купат лекови и производи (11,6 %).




**Слика 2.** Грижи за време на пандемија

Генерално, според одговорите на лицата со попреченост, може да се заклучи дека нивната положба за време на пандемијата би се подобрила доколку имаат подобар пристап до медицински услуги (61,6 %), но и со дополнителна финансиска и логистичка поддршка (59,8 %) (слика 3).




**Слика 3.** Препорака за пандемија

## Заклучок

КОВИД-19 пандемијата најмногу влијаеше на менталното здравје, психолошката благосостојба и социјалната интеракција на луѓето (Стептое и Гесса, 2021). Редуцирањето на контактите, како една од здравствените мерки за справување со ширење на коронавирусот, ги принудени луѓето да останат во своите куќи. Карантините, доколку не се внимателно планирани, може да имаат негативни социоекономски последици, особено за социјално најранливите луѓе, вклучително и некои лица со попреченост (Исус и сор., 2021).

Во оваа студија, главен извор на поддршка на лицата со попреченост биле нивните семејства (72,3 %). Пријателите се помалку посочени како извор на поддршка (19,6 %). Навес и сор. (2021), исто така, откриле дека главен извор на поддршка за лицата со интелектуална и развојна попреченост се нивните семејства (72,8 %). Многу автори истакнуваат дека една од последиците од затворањето за време на КОВИД-19 пандемијата е намалената социјална интеракција. Од вкупно 112 лица со попреченост, опфатени во ова истражување, 41,1 % одговориле дека имале намалена социјална интеракција поради пандемијата. Генерално, повеќето лица со попреченост изјавиле дека се загрижени за дополнителните трошоци за храна и лекови, и дека се плашат од можната инфекција со КОВИД-19. Тие нагласуваат дека имаат потреба од подобар и полесен пристап до медицинските услуги, како и поголема финансиска и логистичка поддршка. За жал, за време на пандемијата не беа предвидени посебни мерки за пристап до болничка нега на македонските лица со попреченост. Во иднина, неопходно е да се обезбедат поинклузивни, достапни, одржливи и агилни системи кои можат да одговорат на сложените ситуации, и да бидат достапни и за оние на кои им се најпотребни.

**Литература:**

EUROPEAN ASSOCIATION OF SERVICE PROVIDERS FOR PERSONS WITH DISABILITIES. (2020). Retrieved [2022, May] from URL: https://www.easpd.eu/sites/default/files/sites/default/files/Publications2020/impact_of_covid -19_on_disability_services_in_europe_a_first_snapshot.pdf

HOLM M.E., SAINIO, P., PARIKKA, S., KOSKINEN, S. (2022). The effects of the COVID-19 pandemic on the psychosocial well-being of people with disabilities. *Disability and Health Journal*, 15(2), pp.101224.

JESUS, T.S., BHATTACHARJYA, S., PAPADIMITRIOU, C., BOGDANOVA, Y., BENTLEY, J., ARANGO-LASPRILLA, J.C., KAMALAKANNAN, S. (2021). The Refugee Empowerment Task Force, International Networking Group of the American Congress of Rehabilitation Medicine. Lockdown-Related DisparitiesExperienced by People with Disabilities during the First Wave ofthe COVID-19 Pandemic: Scoping Review with Thematic Analysis. *Int.J. Environ. Res. Public Health*, 18, pp.6178.

KUPER, H., BANKS, L.M., BRIGHT, T., DAVEY, C., SHAKESPEARE, T. (2020). Disability-inclusive COVID-19 response: what it is, why it is important and what we can learn from the United Kingdom's response. *Wellcome Open Res*., 5, pp. 79.

LUND, E.M., FORBER-PRATT, A.J., WILSON, C., MONA, L.R (2020). The COVID-19 pandemic, stress, and trauma in the disability community: a call to action. *Rehabil Psychol*, 65(4), pp. 313-322.

NAVAS, P., AMOR, A.M., CRESPO, M., WOLOWIEC, Z., VERDUGO, M. Á. (2021). Supports for people with intellectual and developmental disabilities during the COVID-19 pandemic from their own perspective. *Research in Developmental Disabilities*, 108, pp. 103813.

PAYNE, J. (2020). IDD discrimination in crisis-time medicine. *Exceptional Parent*, 50(5), pp. 31.

SHAKESPEARE, T., NDAGIRE, F., SEKETI, Q.E. (2021). Triple jeopardy: disabled people and the COVID-19 pandemic. Lancet, 397, pp.1331-3.

STEPTOE, A., GESSA, D.G. (2021). Mental health and social interactions of older people with physical disabilities in England during the COVID-19 pandemic: a longitudinal cohort study, *The Lancet Public Health*, 6(6), pp. e365-e373.

UNITED NATIONS. (2020). *Policy Brief: Education during COVID-19 and beyond—August 2020.* Retrieved [2022, May] from URL: https://www.un.org/development/desa/ dspd/wp-content/uploads/sites/22/2020/08/sg_policy_brief_covid-19_and_education_august_2020.pdf

UN ECONOMIC AND SOCIAL COMMISSION FOR ASIA AND THE PACIFIC (ESCAP). (20 March 2020). *Ensuring disability rights and inclusion in the response to COVID-19*. UN ESAP: Bangkok, Thailand. Retrieved [2022, May] from URL: https://www. unescap.org/resources/policy-brief-covid-19-and-person-disabilities

UNITED NATIONS POLICY BRIEF: A DISABILITY-INCLUSIVE RESPONSE TO COVID-19. (2020). Retrieved [2022, May] from URL: https://unsdg.un.org/sites/ default/files/2020-05/Policy-Brief-A-Disability-Inclusive-Response-to-COVID-19.pdf